Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во општина Битола
ЈППЈЛП Битола

ЈППЈЛП Битола

# Податоци за Јавните паркиралишта во Општина „Битола“

Примарната дејност на Јавното претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во општина Битола располага со зонско паркирање кое е негова примарна дејност. Претпријатието располага со основни сообраќајни проекти за режим на сообраќај, врз база на сообраќајна студија, елаборат за сообраќајно уредување, проследено со законска регулатива од областа на сообраќајот.

Со проектираните сообраќајни решенија за зонско паркирање на јавни површини во општина Битола, зонското паркирање е организирано во зони кои понатаму се делат на подзони. Моментално располагаме со околу 1835 паркинг места, на повеќе локации во град Битола. Паркиралиштата се распределени во три зони „А, Б и Ц“ кои понатаму се делат на подзони.

**ЗОНА „А“ (прва зона) е организирана во 12 подзони и 3 затворени паркинзи.**

***Цената на паркирањето на патничко моторно возило во зонско паркирање на паркиралиште од отворен тип во зона „А“ е:**

- **30 денари / 2 часа, секој нареден час 25 денари**
- **40 денари / 3 часа, секој нареден час 25 денари**

***Цената на паркирањето на патничко моторно возило во зонско паркирање на паркиралиште од затворен тип во зона „А“ е:**

- **30 денари / 2 часа, секој нареден час е 25 денари**

**Јавните паркиралишта од затворен тип првите 15 минути се бесплатни, под услов возилото да го напушти паркинг просторот пред 15- тата минута.**

- Подзона А1 располага со **78** паркинг места (ул.Филип Втори Македонски, улично паркирање од десна страна - Градски пазар, со крстосница на ул.11^ти^ март, крстосница на ул.Цане Василев и крстосница на ул.Баталјон Стив Наумов);
- Подзона А2 располага со **36** паркинг места (од страна на здравствен дом ЈЗУ „Д-р Хаим Абраванел“ Битола и позади него, ул.Панде Николов и ул.11^ти^ март);
- Подзона А3 располага со **43** паркинг места (улично паркирање од левата страна на ул.Булевар 1^ви^ мај, наспроти ЈП Стрежево, улично паркирање од десна страна на ул.Булевар 1^ви^ мај и надолжно паркирање на ул.Петар Петровиќ Његош);

- Подзона А4 располага со **47** паркинг места (улично паркирање од левата страна на ул.Широк сокак околу „Саат кула“ и улично паркирање од десна страна на ул.11ти октомври);
- Подзона А5 располага со **64** паркинг места (улично паркирање од десната страна на ул.Столарска пред Безистен и улично паркирање на ул.Булевар 1 мај од лева и десна страна пред поранешна слаткарница Стела и на улица Добривоје Радосавлевиќ, улично паркирање од пред зграда Борово до Стопанска банка Битола);
- Подзона А6 располага со **27** паркинг места (од Ленски мост до зграда „Грозд“ на ул.Никола Тесла);
- Подзона А7 располага со **85** паркинг места (улично прапркирање на ул.Јосиф Христовски спроти зграда Грозд и улично паркирање од двете страни на ул.Пеце Матичевски);
- Подзона А8 располага со **78** паркинг места (улично паркирање на ул.Солунска од двете страни, од крстосница на ул.Солунска со ул.Михајло Бојаџиев – центар перална, до крстосница на ул.Солунска со ул.Климет Охридски и улично паркирање од десна страна на ул.Стив Наумов);
- Подзона А9 располага со **14** паркинг места (улично паркирање од левата страна на ул.Кирил и Методиј и улично паркирање од десната страна на ул.Славко Лумбарковски – „народна одбрана“);
- Подзона А10 располага со **49** паркинг места (позади НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски - Битола);
- Подзона А11 располага со **28** паркинг места (наспроти Јавор);
- Подзона А12 располага со **79** паркинг места („стара болница“);
- Затворен паркинг „Јавор“ располага со **21** паркинг место;
- Затворен паркинг „стара автобуска“ располага со **57** паркинг места;
- Затворен паркинг „Центар за култура“ располага со **58** паркинг места.

**ЗОНА „Б“ е организирана во 8 подзони.**

***Цената на паркирањето на патничко моторно возило во зонско паркирање на паркиралиште од отворен тип во зона „Б“ е:**

- **20 денари / 2 часа, секој нареден час 20 денари**

- **30 денари / 3 часа, секој нареден час 20 денари**

- Подзона Б1 располага со **170** паркинг места (улично паркирање од левата страна на ул.Булевар $1^{ви}$ мај,  од мост наспроти полициската станица до кружен тек „Црн Мост“);
- Подзона Б2 располага со **119** паркинг места (улично паркирање од левата страна од кружен тек „Црн Мост“, до мост наспроти полициската станица);
- Подзона Б3 располага со **23** паркинг места (улично паркирање од десната страна на ул.Влатко Миленковски, од Техномаркет до Митрополија);
- Подзона Б4 располага со **58** паркинг места (улично паркирање од двете страни на ул.Баталјон Стив Наумов – „трите убавици“, со крстосница на ул.Филип Втори Македонски  и со крстосница на ул.Прилепска);
- Подзона Б5 располага со **94** паркинг места (улично паркирање од двете страни на ул.Димитар Илиевски Мурато, со крстосница на ул.Никола Тесла и со крстосница на ул.$4^{ти}$ ноември);
- **Подзоната Б6 е опишана на крајот во делот на хуманитарните паркинг места**
- Подзона Б7 располага со **25** паркинг места (улично паркирање на ул.Булевар $1^{ви}$ мај пред Нептун и околу Пензионерската зграда);
- Подзона Б8 располага со **33** паркинг места (улично паркирање на ул.Македонска фаланга од семафори Ловец до кафе бар Тач и заден дел на Офицерски Дом);

**ЗОНА „Ц“  е организирана во 4 подзони и 1 затворен паркинг.**

***Цената на паркирањето на патничко моторно возило во зонско паркирање на паркиралиште од отворен тип  и паркиралиште од отворен тип во зона „Ц“ е:**

- **30 денари / паркирање цел ден**

**Јавните паркиралишта од затворен тип првите 15 минути се бесплатни, под услов возилото да го напушти паркинг просторот пред 15- тата минута.**

- Подзона Ц1 располага со **29** паркинг места (улично паркирање од двете страни на ул.Баталјон Стив Наумов, со крстосница на ул.Илинденска и со крстосница на ул.Филип Втори Македонски);
- Подзона Ц2 располага со **91** паркинг места (улично паркирање на ул.Север Југ од двете страни со крстосница на ул.Партизанска и со крстосница на ул.Нико Фундали);
- Подзона Ц3 располага со **80** паркинг места (улично паркирање од двете страни на ул.АСНОМ со крстосницата на ул.Партизанска и со крстосница на ул.Ружа Делчева).
- **Подзоната Ц4 е опишана на крајот во делот на хуманитарните паркинг места.**
- Затворен паркинг спортска сала „Боро Чурлевски“ располага со **216** паркинг места од кои 6 места се за автобуси.

**Хуманитарни паркинг места**

На територијата на градот Битола определени се и хуманитарни паркинг места, нивните локации се следни:

- Подзона А3 со 2 паркинг места (дополнително од вкупниот број даден во погорниот опис)
- Подзона Б6 со 20 паркинг места (улично паркирање од десната страна на улицата, од авто школа Зебра до поранешен „финансов“);
- Подзона Ц4 со 111 паркинг места (паркинг наспроти олимписки базен)

Вкупниот број на паркинг места по зони изнесува:

Зона А 764 паркинг места

Зона Б 522 паркинг места

Зона Ц 416 паркинг места

Хуманитарни паркинг места 133

ВКУПНО на ден 01.10.2024 година 1835 паркинг места.

Контакт телефон:047/222-999